# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 18 * година VI* 12.12.2011 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, декември 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на на Град Скопје со посебен осврт на Општина Карпош

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на Град Скопје со посебен осврт на Општина Карпош донесена на Вонредната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-9414/1**
**12.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Вонредната седница одржана на 11 декември 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на на Град Скопје со посебен осврт на Општина Карпош

1. Се усвојува Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на на Град Скопје со посебен осврт на Општина Карпош, со следните предложени заклучоци:

1.1- Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош, да побара од Министерството за животна средина и просторно планирање да доставува дневни извештаи за измерените параметри од мерната станица во општината.

1.2-Одделението за односи со јавност, се задолжува овие податоци да ги става на Web страната на општината **секојдневно**.

1.3-Општина Карпош да воспостави отворена линија за јавување на граѓаните, на која ќе можат да ги пријават сите потенцијални загадувачи во своето опкружување, како што се физички и правни лица кои што користат отпадни гуми, отпадни масла, нафтени деривати кои што се под стандардите, да ги пријават до надлежниот овластен инспектор за животна средина.

1.4- Секторот за заштита на животната средина и природата во општина Карпош, да воспостави комуникации со НВО секторот во општината, и да се вклучи во мониторингот и во делот на изработка на заедничка стратегија и толкување на измерените податоци и реално информирање на граѓаните.

1.5- Во Програмата на Секторот за заштита на животната средина и природата, за 2012 година, да се предвиди изготвување на **“Катастар на загадувачи“**, во кој ќе се евидентираат сите загадувачи од територијата на општина Карпош.

1.6-Советниците во Градот Скопје од Општина Карпош, на седница на Советот на Град Скопје, да бараат итно формирање на Кризен штаб кој ќе донесе **ПЛАН НА**

**МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** (согласно законските надлежности) кои Градоначалникот на Град Скопје треба да ги преземе при вакви енормни загадувања на воздухот во градот.

1.7-Министерството за внатрешни работи да ја засили контролата врз учесниците во сообраќајот и сите возила кои не исполнуваат ЕУРО-3 стандард и кои имаат емисија на гасови над дозволеното, да не учествуваат во сообраќајот во временски период од три месеци како времена мерка која може да се спроведе веднаш.

1.8- Градот Скопје да го смени режимот на сообраќај, со што тешките товарни возила, наместо да влегуваат во градското јадро, да се насочуваат на обиколниците.

1.9-Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје, времено да ги затвори или да го промени режимот на работа на индустриските капацитети, за кои се утврдило дека го загадуваат воздухот, а штетите од ова да ги надомести државата.

1.10-Одделението за заштита на животната средина и природата и надлежниот овластен инспектор за животна средина, да побараат да им се достави база на податоци од објекти со интегрирана еколошка дозвола **категорија А,** кои се на територијата на Општина Карпош, од Државниот инспекторат во Министерството за животна средина и просторно планирање. Контролата и мониторингот на овие субјекти, да се врши во присуство на овластениот инспектор за животна средина.

1.11-Одделението за заштита на животната средина и природата и надлежниот овластен инспектор за животна средина, да побараат да им се достави, од Инспекторатот во Град Скопје, база на податоци на објекти со интегрирана еколошка дозвола **категорија Б** кои се на територијата на Општина Карпош, за вршење заедничка контрола и мониторинг на загадувачките емисии во овие субјекти.

1.12- Сите загадувачи кои се во надлежност на овластениот инспектор за животна средина во општина Карпош, да бидат предмет на посебна инспекциска контрола во наредниот период.

1.13-Министерството за здравство и Институтот за јавно здравство да се вклучат во акцијата за надминување на проблемот со загаденост на воздухот да ги лоцираат загадувачите и да предложат мерки за нивно дадминување.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до:Градоначалникот на Општина Карпош,Секторот за заштита на животната средина и природата во Општина Карпош, НВО - невладиниот сектор во општината,Одделението за односи со јавноста,Советниците во Советот на Градот Скопје од Општина Карпош,Министерство за животна средина и просторно планирање , Министерство за здравство,Институт за јавно здравство,Град Скопје, надлежен овлстен инспектор за животна средина од општината,Државниот инспекторат во Министерството за животна средина и просторно планирање, Инспекторатот во Град Скопје.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“

**Бр. 07-9353/1**
**11.12.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Трифун Трифуновски**

**ОПШТИНА КАРПОШ**

# ЈАВЕН ПОВИК

за

доставување на понуди за доделување на договор за јавно приватно партнерство за користење на објект зграда 2 на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов"-Општина Карпош-Скопје, заради вршење дејност за повеќејазична детска градинка.

Јавен партнер на отворениот повик бр.9044/6 од 11.12. 2011 година е Општина Карппош со седиште на бул.„Партизански Одреди“ бр. 68 Скопје.

I.

## 1.ПРЕДМЕТ

1.1. Јавно приватно партнерство се склучува за користење на објект зграда 2 на Јавната установа општинска детска градинка( во понатамошниот текст ЈУДОГ)„Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје, заради вршење дејност за повеќејазична детска градинка.

## 2. ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

2.1 Проценетата вредност на Јавното приватно партнерство е најмалку 38.935.000,00 денари.

2.2 Како надомест за активностите на приватниот партнер наведени во точка 4.1 од овие инструкции, јавниот партнер ќе му овозможи користење на објектот зграда 2 на ЈУДОГ„Орце Николов“ со надомест (закупнина) за период од 15(петнаесет) години од денот на склучувањето на договорот за ЈПП.

2.3 По истекот на времето на кое ќе биде потпишан Договорот за Јавно приватно партнерство, наведен во точка 2.2 објектот се враќа во владение на Јавниот партнер, а опремата станува сопственост на Општина Карпош.

## 3. ВИД НА ПОСТАПКА

3.1 Постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство ќе се спроведе по пат на отворена постапка согласно член 31 став 2 точка 5 и член 32 од Законот за концесиски и други видови на јавно приватно партнерство Сл.Весник на Република Македонија бр.7/2008; 82/2009 и 52/2010.

## 4. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАТНЕРСТВО

4.1 Користење на објект зграда 2 на Јавната установа општинска детска градинка( во понатамошниот текст ЈУДОГ)„Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје, заради вршење дејност за повеќејазична детска градинка на англиски и француски наставен јазик.

Во рамки на повеќејазичната детска градинка задолжително треба да биде поставена опрема согласно техничката спецификација која е составен дел на оваа тендерска документација.

## 5. МЕСТОПОЛОЖБА НА ОБЈЕКТОТ ПРЕДМЕТ НА ЈПП

5.1 Објектот во кој треба да се врши дејноста за повеќејазична детска градинка се наоѓа на ул. „Драгиша Мишовиќ“.

## 6. ОПИС НА УСЛУГИ И ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖЕ ДА ГИ ИЗВРШУВА ПРИВАТНИОТ ПАРТНЕР

6.1

- Флексибилно воспитување и образование во поглед на структурата, изборот на програмите, методите, организацијата, етапите и местото на реализирање на воспитно-образовниот процес;
- Стекнување на животни вештини неопходни во современото информатичко општество и приближување на образованието до реалните животни потреби;
- Примена на современи стандарди на воспитување и образование;
- Промовирање на културата на самоевалуација и развојно планирање на едукативниот процес;
- Диференцијација и индивидуализација на воспитно-образовниот систем;
- Повеќекултурно и повеќејазично воспитување и образование, со што ќе се зајакне соработката помеѓу различните групи на деца;
- Поголемо учество на децата, родителите и другите заинтересирани субјекти во дневните активности во градинката;
- Изготвување системи за евалуација на воспитувачите и градење адекватна методологија за утврдување на рејтингот на градинката.
- Можност за привлекување на други донатори и странски инвеститори во соработка со приватниот партнер, а по претходна согласност на јавиот партнер.

За услугите и дејностите наведени во оваа точка понудувачот-приватниот партнер, должен е да достави програма според содржината која е составен дел на оваа тендерска документација.

## 7. РОК НА ВАЛИДНОСТ НА ПОНУДИТЕ

7.1 Понудите треба да бидат со важност од 120 дена

## 8. НАЧИН И МЕСТО НА ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

8.1 Тендерска документација може да подигне секое заинтересирано правно лице во просториите на Општина Карпош, ул.„Демир Трајко“б.б. населба Нерези (нова општинска зграда), секој работен ден од 09.00часот до 15.30 часот по претходно извршена уплата за надомест на истата во износ од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на република Македонија на денот на уплата следнава ж-ска:

Примач: Трезорска сметка буџет на Општина Карпош

Банка на примачот: НБРМ

100000000063095

Сметка на буџетски корисник: 7790141157 630 10

Приходна шифра: 724125 програма 00

Цел на дознака: Уплата за тендерска документација за ЈПП

Одговорно лице за издавање на тендерска документација е Гордана Велковска канцеларија бр.10. тел. 02/3079 694.

## 9. РОК, АДРЕСА И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

9.1 Понудите да се достават најдоцна до **02.02. 2012** година до **10.00 часот** по локално време, на следнава адреса: Општина Карпош, ул.„Демир Трајко“б.б. населба Нерези (нова општинска зграда).

9.2 Понудите се достасуваат лично во Архивата на јавниот партнер.

9.3 Понуди можат да достават само правни лица што имаат подигнато заверен примерок на тендерската документација од јавниот партнер.

9.4 Приватниот партнер го приложува оригиналниот примерок на понудата со целокупната документација во затворен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот-приватниот партнер. Така затворениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- не содржи информации за јавниот парнер;
- адресиран е со точна адреса на јавниот партнер;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за Јавно приватно партнерство и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, или „Do not open“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

9.3 Ако пликовите не се запечатени, обележани и доставени како што се бара, јавниот партнер не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата архива или за предвремено отворање на понудата.

## 10. ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА

10.1 Како дел од понудата, понудувачот задолжително обезбедува гаранција за учество (гаранција на понудата) во износ од 0,25% од проценетата вредност на јавното приватно партнерство.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оргинална форма и заедно со

понудата. Копии не се прифаќаат. Гаранцијата мора да има рок на важност најмалку 14 дена од денот на истекот на важноста на понудата.

Секоја понуда што не содржи гаранција за учество или содржи гаранција за учество која не е во согласнот со условите во тендерската документација ќе биде отфрлена од страна на комисијата како неприфатлива.

Јавниот партнер е должен да им го врати депонираниот износ, односно гаранција на сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство  освен на прворангираниот и второрангираниот понудувач, најдоцна 7 (седум) дена од денот на донесување на одлуката за избор на приватен партнер, односно најповолен понудувач. На прворангираниот и второрангираниот понудувач Јавниот партнер е должен депонираниот износ, односно гаранцијата да им ја врати во рок од 14 дена од денот на склучување на

договорот за јавно приватно партнерство.

## 11. ЈАЗИК НА ПОНУДАТА

10.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик. Јавниот партнер го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот-приватниот партнер да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

## 12. ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ДА ПРИСУСТВУВААТ НА ОТВОРАЊЕТО НА ПОНУДИТЕ

12.1 Само овластените претставници на понудувачот-приватниот партнер можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

12.2 Овластените претставници на понудувачите-приватните партнери на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на понудувачот-приватниот партнер. Сите овластени претставници на понудувачите-приватните партнери, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист

## 13. ЕКОНОМСКО ТЕХНИЧКА СПОСОБНОСТ

13.1 **Лична состојба**

- во последните пет години, на понудувачот-приватниот партнер да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот-приватниот партнер да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот-приватниот партнер да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот-приватниот партнер да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот-приватниот партнер да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот-приватниот партнер да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и

- понудувачот-приватниот партнер е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара јавниот партнер.

13.2 **Способност за вршење на професионална дејност**

Понудувачот-приватниот партнер треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за Јавно приватно партнерство.

13.3 **Економска и финансиска состојба**

Критериуми за утврдување на економската и финансиската состојба на понудувачот се:

- Доминантниот дел од вкупните приходи (>80%) на понудувачот-приватниот партнер да потекнуваат од активности кои се предмет на ЈПП;
- Позитивен финансиски резултат во последните 2 пресметковни години;
- Вкупниот приход на понудувачот-приватниот партнер во последните 2 пресметковни години да не биде помал од 8.000.000 МКД;
- Приходите од активностите кои се предмет на Јавното приватно партнерство во вкупниот приход на понудувачот во последните 2 пресметковни години да не бидат помали од 7.000.000 МКД.

13.4 **Техничка или професионална способност**

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот-приватниот партнер се:

а) Најмалку 3 позитивни препораки за успешно спроведување на активности во областа на згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст со повеќејазична наставна и дидактична програма.

б) Понудувачот –приватниот партнер треба да има најмалку 7(седум) редовно вработени лица од кои најмалку 4(четири) треба да бидат со завршено високо образование од областа на хуманистичките и општествените науки. Овие вработени мораат да имаат работно искуство од најмалку 2(две) години во соодветната дејност.

***<u>Секој понудувач треба да ги задоволи условите за економско техничка способност, во спротивно неговата понуда ќе биде отфрлена.</u>***

## 14.Начин на докажување на способноста на понудувачот-приватниот партнер

Понудувачот треба да ги поседува следниве документи за докажување на својата способност, во зависност од критериумите предвидени во точка 7 од оваа тендерска документација, и тоа:

14.1 **За докажување на личната состојба:**

- изјава на понудувачот-приватниот партнер дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде понудувачот е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 13.1 не смеат да бидат постари од шест месеца, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот. Ако јавниот партнер се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

14.2 **За докажување на способноста за вршење на професионална дејност:**

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот-приватниот партнер треба да има на располагање документ за регистрирана дејност (за домашни понудувачи образец ДРД издаден од Централниот регистар на Република Македонија) како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на Јавното приватно партнерство.

14.3 **За докажување на економската и финансиската состојба:**

Понудувачот-приватниот партнер да достави:

- извештаи за билансот на успехот заверени од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба.

14.4 **За докажување на техничката или професионалната способност:**

- Релевантни документи (позитивни препораки за успешно спроведување на активности во областа на згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст со повеќејазична наставна и дидактична програма) издадени и заверени со печат од субјектите за кого биле извршувани овие активности.

- Соодветни документи за поседување на соодветната квалификација наведени во точка 13.4 (уверенија или дипломи и сертификати)
  Документите - уверенијата, дипломите и сертификатите од точка 13.4 се доставуваат во копие заверено од понудувачот-приватниот партнер и потпишана од одговорното лице .
  - Изјава за работното искуство на вработените согласно со точка 13.4 заверена од понудувачот-приватниот партнер и потпишана од одговорното лице.
  - Изјава заверена од понудувачот-приватниот партнер и потпишана од одговорното лице, дека има најмалку 7 вработени.

**15. Критериуми за доделување на договорот**

1. Програма за работа на градинката 70 бода

2. Понудени средства за закупнина(месечно) 10 бода

3. Број на згрижени деца од територијата на Општина Карпош за кои ќе се нуди субвенција (% од бројот на згрижени деца во објектот) 10 бода

4. Субвенција по дете (во % од регуларната цена ) 10 бода

15.1 Понудувачот-приватниот партнер должен е да изготви Програма за работа на повеќејазичната детска градинка врз основа на предметот на ова јавно приватно партнерство утврден во оваа тендерска документација. Програмата за работа на повеќејазичната детска градинка која треба да се изведува на англиски и француски јазик, треба да биде во согласност со Националната програма за работа со деца од предучилишна возраст пропишана од надлежниот државен орган и истата се доставува како прилог кон понудата. Се очекува дека понудувачот-приватниот партнер при изготвување на програмата располага со конкретните податоци од тендерската документација за услугите и дејностите кои може да ги извршува. Содржината во програмата треба да бидат презентирани со доволно детали за да може при евелуацијата на истата Комисијата да процени до кој степен понудувачот-приватниот партнер ги разбрал и одговорил на барањата на оваа тендерска документација и колкав е квалитетот и нивото на услугите и дејностите што се понудени.

Исто така во програмата треба да се содржани и детали поврзани со сите фази на поединечните активности заради реализација на услугите и дејностите искажани во временска рамка на периодот за кој ќе се склучи јавното приватно партнерство.

Понудувачот е должен однапред да ги објасни и другите аспекти кои ја отсликуваат неговата програма за работа и која на јавниот партнер може да му ја докаже неговата способност за извршување на услугите и дејностите специфицирани во оваа тендерска документација.

15.2 **Начин на пресметка на бодовите**

<u>понудена вредност X максимален број можни бодови</u>

најголема понудена вредност

- Евалуациони критериуми за оценка на програмата за работа

<u>Критериум 1</u>

*Целите наведени во програмата се предизвикувачки,јасни и соодветни за намерата за вршење на дејност за повеќејазична детска градинка на англиски и француски јазик.*

<u>Критериум 2</u>

*Содржината на програмата е во сообразност со целите и е соодветна на целните групи на кого се однесува.*

Критериум 3

*Структурата на програмата е дизајнирана така да биде соодветна за привлекување на интерес кај потенцијалните корисници на услугите.*

Критериум 4

*Програмата може целосно да биде имплементирана,прилагодена на повеќе полиња на предметот на ова јавно приватно партнерство.*

Критериум 5

*Програмата мора да е во согласност со целите наведени во член 4 од одлуката за започнување на постапка за јавно приватно партнерство,( Сл. гласник на Општина Карпош бр.17/2011).*

**16. Појаснување на условите предвидени во тендерската документација.**

16.1 До истекот на рокот за доставување понуди понудувачите-приватните партнери можат да бараат појаснувања во врска со условите предвидени во тендерската документација или да укажуваат на нејаснотии или пропусти во документацијата.

На поставените барања или укажувања Комисијата за спроведување на јавното приватно партнерство(во понатамошниот текст комисијата) одговара писмено, доставувајќи го одговорот истовремено до сите понудувачи.

Комисијата по претходно прибавена писмена согласност од концедентот,може да врши изменување или дополнување на тендерската документација, за што истовремено писмено ги известува сите понудувачи-приватни партнери.

Пред јавното отворање на понудите, Комисијата може да организира состанок со сите понудувачи, како и посета на локацијата на која ќе се реализира јавното приватно партнерство, заради подобро информирање на понудувачите, според правилата во тендерската документација.

**17. Јавно отварање на понудите**

17.1 По истекот на рокот за доставување на понуди, Комисијата јавно ги отвара понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите-приватните партнери.

17.2 Јавното отворање на понудите ќе се одржи на **02.02.2012 година** во **10.00 часот** по локално време во просториите на Општина Карпош на ул.„Демир Трајко“б.б.(нова општинска зграда).

17.3 За јавното отворање на понудите Комисијата составува записник.

**18. Правна заштита**

18.1 Незадоволните понудувачи и кандидати, како и лицата кои подигнале тендерска документација, во секое време во текот на постапката имаат право на приговор до комисијата.

18.2 Комисијата доколку оцени дека поднесениот приговор е оправдан може да го измени својот став.

Доколку комисијата го одбие приговорот подносителот на приговорот, по донесувањето на одлуката за избор, има право да заведе управен спор.

18.3 Против одлуката за избор на незадоволните понудувачи или кандидати, како и субјектите кои подигнале тендерска документација имаат право да заведат управен спор.

Субјектите кои подигнале тендерска документација имаат право да заведат управен спор само поради повреди содржани во тендерската документација.

18.4 Заведениот управен спор не го одлага извршувањето на одлуката за избор и склучување на договорот за договор за јавно приватно партнерство.

18.5 Странките кои завеле управен спор или имаат намера да заведат управен спор имаат право на увид и копија од документите, освен оние документи кои содржат информации за кои јавниот партнер е законски обврзан да не ги дава на увид.

Комисија за спроведување на постапка за доделување
на договор за јавно приватно партнерство

С О Д Р Ж И Н А

1.- Заклучок за усвојување на Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на на Град Скопје со посебен осврт на Општина Карпош со Решение за објавување

2.-Јавен повик за доставување на понуди за доделување на договор за јавно приватно партнерство за користење на објект зграда 2 на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје, заради вршење дејност за повеќејазична детска градинка.

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 30 примероци